ТУРИСТИЧКА АГЕНЦИЈА
АМБАСАДОР
ул.Н.Вапцаров бр.7, 1000 Скопје, Македонија, Тел.++389(0)2 3129 129, Факс/тел:++389(0) 3129 135,
e-mail:taambasador@t-home.mk www.ambasador.com.mk

INTERNATIONAL SOCIETY FOR INFECTIOUS DISEASES

# 14ти КОНГРЕС - ИНФЕКТОЛОГИЈА
# МАЈАМИ 09-12 март 2010

# МАЈАМИ - ФЛОРИДА
# ГВАТЕМАЛА И ХОНДУРАС

**1.ден (9 март) Скопје Солун Рим Мајами**

*Состанок на учесниците на патувањето на договорено место во 00.30 часот. Автобуски превоз до аеродромот во Солун. Лет за Рим со авиокомпанијата Алиталиа (AЗ733) во 06.35 часот. Слетување во Рим во 07.25. Продолжување на патувањето кон Мајами со лет (AЗ630) во 09.20. Слетување во Мајами во 14.40. По поминувањето на пасошката и царинската контрола, трансфер до хотелот во Мајами. Сместување. Свеченото отварање на конгресот започнува во 18.30-20.00 часот.Ноќевање.*



**2.ден (10 март) Мајами**

*Пријавување на конгресот од 13.00-17.00 часот. Слободно попладне. Ноќевање.*

**3.ден (11 март) Мајами**

*Конгресни активности. Ноќевање.*

**4.ден (12 март) Мајами Гватемала Сити**

*Трансфер до аеродромот на Мајами од каде се полетува за Гватемала Сити во 15.05 часот, со авиокомпанијата Така Интернатионал (TA321). Слетување во 16.50 часот. Пречек на локален претставник, водич. Трансфер до хотелот Hyatt Futura 5*. Сместување. Ноќевање.*

**5.ден (13 март) Гватемала Сити Антигва**

*Појадок. Панорамски разглед на Гватемала Сити со професионален водич. По разгледот трансфер до Антигва. Разглед на Антигва кој е еден од најстарите и најубави градови на американскиот континент. Се наоѓа на надморска височина од 1.530 метри, помеѓу три вулкани. Признат е за светско културно наследство уште во 1979 година, и е под заштита на УНЕСКО. Разглед на бисерите на архитектурата, како што се црквата Св.Фрањо каде бил погребан единствениот светец на Гватемала Педро Бетанкур, потоа разглед на главниот плоштад опкружен со градското собрание, палатата и катедралата. По разгледот, сместување во хотел Посада Дон Родриго 4*. Ноќевање.*



**6.ден (14 март) Антигва Атитлан Антигва**

*Појадок. Трансфер до Панајацхел на езерото Атитлан, кое е едно од најубавите езера на светот. Опкружено е со три вулкани, а на неговиот брег се наоѓаат 12 сликовити села на Маја Индијанците. Следува мало крстарење со бродче до селото Сантјаго Де Атитлан. Посета на селото. Враќање во Панајацхел. Поаѓање кон Чичикастенанго., место кое отсекогаш било и сеуште е познат центар на трговијата, во кој и денес доаѓаат луѓе од сите околни места.Ќе имате единствена можност да го посетите познатиот Индијански Пазар во светот на Мајите. Посета и на црквата Св.Томо во која индијанските поглавари познати како господари на сончевиот култ одржуваат церемонии кои претставуваат комбинација на индијански и католички обичаи. Во попладневните часови, враќање во Гватемала Сити. Сместување во хотел Hyatt Futura 5*. Ноќевање.*

**7.ден (15 март) Гватемала Сити Копан**

*Појадок. Рано наутро поаѓање кон Копан, кој се наоѓа во западниот ден на земјата на самата граница со Гватемала. По пристигањето, разглед на археолошкиот локалитет Копан кој се смета за најимпресивен и најважен поврзан за цивилизацијата на Мајите. Познат е како Атина на Новиот Свет и бисер меѓу локалитетите на цивилизацијата на Мајите.Поради својата важност, признат е во светското културно наследство и е под заштитан а УНЕСКО. Познат е исто така и по многубројните и разновpсни споменици. Трансфер до хотелот,сместување. Ноќевање.*



**8.ден (16 март) Копан Пуерто Бариос**

*Појадок. Наутро поаѓање кон археолошката зона Љуирога. Посета на познатите Маја локалитети Mayor Central и Centar Plaza.Потоа, трансфер до Пуерто Бариос. Сместување во хотел Green Bay 4* кој се наоѓа во џунгла истовремено и на плажа. Во истиот хотел е снимен филмот ,,Nights of Iguanas,, Ноќевање.*

**9.ден (17 март) Пуерто Бариос Флорес**

*Појадок. Трансфер до местото Ливингстон со бродче, кратка посета на местото, продолжување до Rio Dulce. Потоа трансфер низ џунглата Петен до езерото Флорес. Сместување во хотел Camino Real Lodge 5*. Ноќевање.*



**10 ден (18 март) Флорес Тикал Гватемала Сити**

*Појадок. Поаѓање кон Националниот парк Тикал. Она по што овој локалитет на Мајите се разликува од останатите е што се наоѓа длабоко во џунгла. Опкружен е со богата вегетација.. Обиколка на главниот плоштад, високите храмови (највисокиот е 44м) и таканаречениот изгубен свет-комплекс од 38 градби со пирамида во средина. Целиот комплекс потекнува од разни периоди на Маја цивилизацијата. Во попладневните часови, трансфер до аеродромот од каде се полетува до Гватемала Сити во 19.20 часот. По пристигањето, трансфер до хотелот Hyatt Futura 5*. Сместување, ноќевање.*

**11.ден (19 март) Гватемала Сити Миами**

*Појадок. Трансфер до Гватемала Сити аеродром. Полетување за Мајами со авиокомпанијата Така Интернатионал (ТА320) во 09.56. Слетување во Мајами во 14.26 часот. Продолжување на патувањето кон Рим со авиокомпанијата Алиталиа (АЗ631) во 17.45. Пристигање во Рим во 08.05 наредниот ден.*

**12.ден (20 март) Рим Солун Скопје**

*Полетување за Солун со авиокомпанијата Алиталиа (АЗ734) во 09.30. Слетување во Солун во 12.15. По царинските формалности автобуски трансфер до Скопје. Пристигање во Скопје во попладневните часови.*

# *ЦЕНА НА АРАНЖМАНОТ: 2090 еур*

**Во цената на аранжманот е вклучено:**

- *авионски билет на релација Солун Рим Мајами Рим Солун*
- *авионски билет на релација Мајами Гватемала Сити Мајами*
- *авионски билет на релација Флорес Гватемала*
- *автобуски превоз Скопје Солун Скопје*
- *Трансфер аеродром хотел Мајами аеродром*
- *3 ноќевања во хотел Courtyard By Marriott 4+* во Мајами*
- *3 ноќевања со појадок во хотел Hyatt Futura 5* во Гватемала Сити (Гватемала)*
- *1 ноќевања со појадок во хотел Posada Don Rodrigo 4* во Антигва (Гватемала)*
- *1 ноќевање со појадок во хотел Posada Real Copan4* во Копан (Хондурас)*
- *1 ноќевање со појадок во хотел Green Bay 4* во Пуерто Барриос (Гватемала)*
- *1 ноќевање во хотел Camino Real Lodge 5* во Флорес (Гватемала)*
- *Сите трансфери со климатизирани автобуси според програмот на патување*
- *Професионален водич во тек на патувањето низ Централна Америка*
- *Сите туристички и хотелски такси*
- *Влезници за локалитетите (Антигва, Копан, Quiriqua, Тикал)*
- *Брод во Сантјаго Атитлан, од Пуерто Бариос до Рио Дулче*
- *Патничко осигурување*

- *Организација на патувањето*

**Во цената на аранжманот не е вклучено:**

- *аеродромски такси за сите летови (335 еур)*
- *доплата за еднокреветна соба (330 еур)*
- *влезна виза за Обединетите Американски држави*

## НАПОМЕНА за визниот режим:

Визи за **Гватемала** не се потребни за граѓаните на Р.Македонија
Визи за **Хондурас** не се потребни за граѓаните на Р.Македонија




Локација на хотелот **Courtyard By Marriott** во Мајами (2)
(1)-хотел Hyatt Regency кој е споен со конгресниот центар **James L.Knight** во кој се одржува конресот.

**За реализација на аранжманот потребни се минимум 20 патника.**
**Важат Општите услови на патување на СКТМ**

**ТА АМБАСАДОР ВИ ПОСАКУВА ПРИЈАТНО ПАТУВАЊЕ**